ФИНАНСИСКИ ПЛАН

за

2023 година

Скопски пазар АД Скопје е друштво кое опстојува на македонскиот пазар повеќе од 70 години. Примарна дејност и најголем дел од приходите ги остварува од дејноста изнајмување на деловен простор и управување со пазари. Секторот за пазари и недвижности врши организирање и раководење на снабдувачки центри на територија на град Скопје, во чии рамки работат зелени пазари и деловен простор за издавање под закуп. Друштвото располага со 12 зелени пазари со вкупен број од приближно 2.700 продажни места-тезги, како и деловен простор, претежно наменет за издавање со вкупна површина од приближно 54.000м2.

Вкупниот број на вработени на Друштвото на 31.12.2022 година износува 143 лица.

Нашата основна цел е подобрување на севкупните перформанси на Друштвото, преку целосна искористеност на капацитетите и обезбедување на развојна компонента.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ДРУШТВОТО ЗА 2023 ГОДИНА

Финансиски план за 2023 година се базирани на:

- реални проекции на приходи и расходи со постојните капацитети
- политика за управување со ризик
- подобрување на перформансите и ресурсите на Друштвото

За 2023 година се предвидува почеток на инвестицијата за изградба на нов деловен комплекс со покриен пазар во населбата Драчево на местото на постоечкиот пазар. Ефектите од реализација на оваа инвестиција ќе бидат

изразени во билансот на успех и билансот на состојба. Покрај овој инвестициски проект, во 2023 година ќе се пристапи кон инвестициони активности за модернизирање и реновирање на останатите пазари и деловен простор кој се издава под наем согласно потребите и можностите.

Нето приходите од издавање на деловен простор и управување со пазарите се планирани во согласност со пазарните услови, конкуренцијата и планираните инвестиции за нивна модернизација.

## ПЛАНИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2023 ГОДИНА

| | Реализирано 2022 година во 000 мкд | ПЛАН 2023 година во 000 мкд |
|---|---|---|
| ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 367.373 | 385.700 |
| ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 239.219 | 251.180 |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 888 | 950 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 14.973 | 19.000 |
| БРУТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 114.069 | 116.470 |
| НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 104.456 | 108.823 |

## Политика на дивиденди

Согласно планот за инвестициони активности на Друштвото и обврските за отплата на долгорочните кредити, а истовремено имајќи ја во предвид потребата од континуирана ликвидност на Друштвото, Управниот одбор на Друштвото е на став дека нема да има предуслови за исплата на дивиденда во наредните 5 години.